Врз основа на член 77- к став (5) од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18) и член 21 став 1 точка 13 од Статутот на Националната установа Конзерваторски центар – Скопје (бр.01-463/1 од 11.06.2015 година и Одлуките бр.02-124/3 од 15.02.2018 година, бр.02-188/3 од 06.03.2018 година и бр.01-265/1 од 13.03.2019 година за измена и дополнување на Статутот), Управниот одбор на НУ Конзерваторски центар - Скопје, на предлог на директорот на установата, на ден________2022, го донесе следниот :

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР-СКОПЈЕ
INSTITUCIONI NACIONAL QENDRA KONZERVATORE-SHKUP
Бр.-Nr 02-1045/3
30.12.2022 год./viti
СКОПЈЕ-SHKUP

# ПРАВИЛНИК

## за поблиските критериуми за спроведување на оценувањето на ефектот на давателите на јавни услуги во културата, висината на паричната или друг вид материјална или нематеријална награда, намалување на плата или распоредување на работно место на пониско ниво во НУ Конзерваторски центар - Скопје

### Општи одредби

**Член 1**

Со овој Правилник се пропишуваат поблиските критериуми за спроведување на оценувањето на ефектот на давателите на јавни услуги во културата, висината на паричната или друг вид материјална иле нематеријална награда, намалување на плата или распоредување на работно место на пониско ниво во Националната установа Конзерваторски центар - Скопје .

**Член 2**

1) Оценувањето на ефектот на давателите на јавни услуги во културата во Националната установа Конзерваторски центар - Скопје се врши со цел објективно и непристрасно да се утврди успешноста во работењето на давателите на јавни услуги и нивното напредување, унапредување на стручноста и оспособеноста на давателите на јавни услуги, поттикнување на давателите на јавни услуги во остварување на најдобри резултати, како и подобрување на ефикасноста на работата на НУ Конзерваторски центар-Скопје.

2) Оценувањето на давателите на јавни услуги се врши на начин што непосредно претпоставениот вработен со статус на давател на јави услуги е должен континуирано да го следи ефектот на непосредно пониският давател на јавни услуги во текот на целата година и по потреба да предлага мерки за подобрување на истиот.

3) Оценувањето на ефектот на давателите на јавни услуги се врши еднаш годишно и тоа најдоцна до 1 декември за тековната година.

4) Оценувањето од ставот 3 на овој член го врши непосредно претпоставениот давател на јавни услуги, а доколку давателот на јавна услуга кој се оценува нема непосредно претпоставен вработен со статус на давател на јавна услуга во установата, оценувањето го врши раководното лице во НУ Конзерваторски центар - Скопје (во натамошниот текст: оценувачот ) .

5) Оценувачот го оценува квалитетот, ефективноста и ефикасноста на работењето, почитувањето на роковите и нивото на исполнување на работните цели и задачи, нивото на вклученост и посветеноста на работата, придонесот во реализацијата на годишната програма и неговото однесување на работното место.

**Член 3**

(1) Податоците добиени при оценувањето, се внесуваат во Образецот за оценувањето на давател на јавна услуга во културата, кој е даден во Прилог број 1 и составен дел на овој Правилник :

(2) Образецот од ставот (1) на овој член содржи :

- штембил на НУ Конзерваторски центар - Скопје, со архивски број и датум;

I. Податоци за учесниците во оценувањето:

1. Име и презиме на оценуваниот
2. Работно место на оценуваниот
3. Име и презиме на оценавувачот
4. Работно место на оценувачот

II . Податоци за работни цели и задачи:

5. Краток опис на работни цели и задачи на оценуваниот за тековната година

III. Други податоци :

6. Податоци за извршените работни на оценуваниот за тековната година

IV. Податоци за оценката:

7. Оценување на давателот на јавна услуга ( во табела )

V .Мерки за подобрување :

8. Предлог мерки за подобрување на оценуваниот

VI. Коментари :

9. Коментар на оценувачот
10. Коментар на оценуваниот

- потпис на оценуваниот
- потпис на оценувачот
- датум, место и печат на НУ Конзерваторски центар - Скопје.

(3) Поглавјата I, II и III од ставот (1) на овој член, ги пополнува оценуваниот.

(4) Поглавјето IV од образецот од ставот (1) на овој член, го пополнува оценувачот, при што се земаат во предвид постигнатите резултати во работењето и личните квалитети на давателот на јавна услуга во културата за период за кој се оценува.

(5) Поглавјето V од образецот од став (1) на овој член, го пополнува оценувачот.

(6) Оценувачот и оценуваниот дадената оценка можат да ја образложат и да дадат свои коментари на дадената оценка, во поглавјето VI.

(7) Оценуваниот и оценувачот го потпишуваат образецот од ставот 1 на овој член.

(8) Образецот од ставот (1) на овој член се изработува во два истоветни примероци, од кои едниот се чува во персоналното досие на давателот на јавната услуга , а другиот му се предава на оценуваниот давателот на јавната услуга.

Ако давателот на јавна услуга е незадоволен од оценувањето, има право да поднесе приговор против спроведената постапка за оценување до Управниот одбор во рок од 8 дена.

Управниот одбор во рок од 5 работни дена треба да одлучи за оправданоста на приговорот на оценуваниот, доколку:

-оцени дека приговорот е оправдан, го враќа предметот на повторно оценување кај оценувачот;

- оцени дека приговорот е неоснован, ја потврдува оценката.

**Критериум за оценување**
**Член 4**

Оценувачот го оценува давателот на јавна услуга во културата врз основа на,:

- квалитетот, ефективноста и ефикасноста на работењето;
- почитување на роковите и работната етика;
- нивото на исполнување на работните цели и задачи;
- нивото на вклученост и посветеност на работата;
- придонесот во реализацијата на годишната програма за работа на НУ Конзерваторски центар - Скопје;
- однесувањето на давателот на јавна услуга, односно почитување на работното време, работната дисциплина и слично, согласно позитивните законски прописи.
- Друг вид стручен придонес на давателот на јавни услуги.
- Лични вештини и извршување на работните задачи.

**Поблиски критеруми за оценување**
**Член 5**

1) Оценувањето на давателот на јавни услуги во културата во НУ Конзерваторски центар - Скопје се врши врз основа на поблиски критериуми што се однесуваат на резултатите од неговата работа, како и личните и професионалните квалитети што тој ги покажал во текот на работењето, и тоа :

- стручност (професионално знаење, способност и вештини)
- квалитет на извршените работи
- извршени работи надвор од описот на работното место, или вршење дополнителни задачи од друго работно место
- дополнителни работи и активности (учество во комисии, работни тела, изготвување на разни работни материјали за потребите на установата и др.)
- тежина и обем на на работа (колку и каква работа завршил );
- правовременост ( почитување на роковите и навремено извршување на работните задачи );
- самостојност; (способност за раководење со проекти и/или за самостојна реализација на работните задачи)
- посветеност н работата (спремност за вложување на дополнителен напор за остварување на работните цели)
- способност за тимска работа;
- организирање на работата (способност за организирање на самостојната работа и/или координирање на тимската работа);
- однос кон странките;

- комуникација (почитување на општите принципи на деловна комуникација);
- други способности поврзани со работата.
- Посебни постигнувања во дејноста

2) Ако некој од критериумите не е соодветен за работното место, тогаш истиот не се вреднува.

**Вреднување на критериумите**
**Член 6**

1) Оценувањето на давателот на јавна услуга се врши на начин според кој секој критериум се вреднува со пропишан број бодови, со тоа што збирот по сите критериуми може да изнесува највеќе 100 бодови.
2) Оценувањето на стручноста, квалитетот и реализацијата на работните цели и задачи сочинува 60% од оценката, додека оценувањето на професионалното однесување сочинува 40% од конечниот резултат на оценувањето.
3) Критериумот стручност се вреднува највеќе со 20 бодови:
4) Критериумот квалитет на извршените работи се вреднува најмногу со 20 бодови;
5) Критериумот извршени работи надвор од описот на работното место, или вршење дополнителни задачи од друго работно место се вреднува најмногу со 3,5 бодови
6) Критериумот степен на реализација на работните задачи се вреднува најмногу со 20 бодови
7) Критериумот тежина и обем на на работа се вреднува најмногу со 5 бодови
8) Критериумот правовременост се вреднува најмногу со 3,5 бодови
9) Критериумот самостојност се вреднува најмногу со 3,5 бодови
10) Критериумот посветеност на работата се вреднува најмногу со 3,5 бодови
11) Критериумот способност за тимска работа се вреднува најмногу со 3,5 бодови
12) Критериумот организирање на работата се вреднува најмногу со 3,5 бодови
13) Критериумот однос кон странките се вреднува најмногу со 3,5 бодови
14) Критериумот комуникација се вреднува најмногу со 3,5 бодови
15) Критериумот други способности поврзани со работата се вреднува најмногу со 3,5 бодови
16) Критериумот посебни постигнувања во дејноста се вреднува најмногу со 3,5 бодови

**Видови на оценки**
**Член 7**

(1) Оценувачот го оценува давателот на јавна услуга со оценка „ 5 „ со вредност од 4.51 до 5.00 - „особено се истакнува" - и тоа кога давателот на јавна услуга го достигнува степенот на исполнетост на поставените работни цели и задачи или истиот го надминува, за нивото на работно место на кое е распореден во сите области на свое работење и дава значителен придонес во области кои се надвор од неговата директна одгорворност.

(2 ) Оценувачот го оценува давателот на јавна услуга во културата со оценка „ 4 " , со вредност од 3.51 до 4.50 - „ се истакнува " –и тоа кога давателот на јавна услуга ги исполнува поставените работни цели и задачи за нивото на работни место на кое е распореден во повеќетообласти на своето работење .

(3) Оценувачот го оценува давателот на јавна услуга во културата со оценка „3 “ , со вредност од 2.51 до 3.50 - „задоволува “ - и тоа кога давателот на јавна услуга ги исполнува поставените работни цели и задачи за нивото на работно место на кое е распореден во некои области на своето работење .

(4) Оценувачот го оценува давателот на јавна услуга во културата со оценка „2 “, со вредност од 1.51 до 2.50 - „делумно задоволува“ - и тоа кога давателот на јавна услуга на ниско ниво ги исполнува поставените работни цели и задачи за нивото на работното место на кое е распореден.

(5) Оценувалот го оценува давателот на јавна услуга во културата со оценка „1“ , со вредност од 1.00 до 1.50 - „ не задоволува “ - тоаш кога давателот на јавна услуга не ги исполнува поставените работни цели и задачи за нивото на работно место на кој е распореден .

## Начин на оценувањето

## Член 8

Оценувањето се врши на објективен и непристрасен начин, без влијане и притисок од непосредно претпоставените раководни даватели на јавни услуги во културата врз оценувачот .

## Член 9

(1) Годишната оценка на давателот на јавна услуга во културата се добива врз основа на оценката на оценувачот со тежински фактор од 65 % , како и од просечната оценка на двајца други даватели на јавна услуга во културата во НУ Конзерваторски центар - Скопје (во натамошниот текст : други оценувачи ), со тежински фактор од 35%.

(2) Другите оценувачи ги бира давателот на јавна услуга од редот на давателите на јавна услуга со кои непосредно соработувал во текот на годината, и истите со оценки од „ 1 “ до „ 5 “ ги оценуват општите работни компетенции на давателот на јавна услуга и предлагаат начини за подобрување на неговата работа .

(3) При оценувањето се користи Прилог број 3 кој е составен дел на овој Правилник.

(4) Оценувачот за време на пополнување на образецот за годишно оценување задолжително спроведува и пополнува образец за спроведено годишно кариерно интервју на давателот на јавна услуга во културата . Прилог бр.4

(5) Преку спроведување на годишното кариерно интервју, давателот на јавната услуга во културата се произнеснува за: личните планови во однос на неговото распоредување или унапредување, потребите за специфични обуки со цел за унапредувањето на неговата работа, забелешки во однос на начинот на функционирање на организационата единица и слично.

## Постапка на оценувањето во други околности

## Член 10

(1) Давателот на јавна услуга кој во текот на годината за која се врши оценувањето, бил оправдано отсутен од работа подолго од шест месеци (боледување, неплатено отсуство и друго), како и давателот на јавна услуга кој за прв пат се вработил

пократко од шест месеци во периодот за кој се врши оценувањето, нема да биде оценуван.

(2) Оценувањето на давателот на јавна услуга кој во текот на годината за која се врши оценувањето е распореден, односно преземен на друго работно место, го врши новиот оценувач, врз основа на писмен извештај од претходниот оценувач.

(3) Доколку оценувачот во текот на годината за која се врши оценувањето го промени работното место, или ќе му престане работниот однос, оценувањето на давателите на јавни услуги со кои раководел, го врши новиот оценувач врз основа на писмен извештај од претходниот оценувач.

**Член 11**

(1) По завршувањето на оценувањето, и постапката по жалба на оценките согласно одредбите од овој правилник, обрасците за оценување се доставуваат до надлежните вработени за човечки ресурси, кои подготвуваат извештај за резултатите од оценувањето и го доставуваат до директорот најдоцна до 31 јануари наредната година.

(2) Образецот за извештајот од став 1 на овој член содржи: архивски број и датум, податоци за бројот и процентот на оценети и неоценети даватели на јавни услуги, причини за неоценетост, други коментари, како и табелатрен приказ на извршените оценувања (реден број, име и презиме, работно место и оценка) и потпис на раководното лице на установата.

(3) Образецот од ставот (2) на овој член е даден во Прилог број 2 и е составен дел на овој Правилник .

**Висина на паричната или друг вид материјална или нематеријална награда, намалување на плата или распоредување на работно место на пониско ниво**

**Член 12**

(2) Давателите на јавни услуги во НУ Конзерваторски центар - Скопје, кои се оценети со оценка „5“ ќе бидат наградени со награда во износ од една основна плата на наградениот давател на јавна услуга примена во последниот месец во годината во која се вршело оценувањето доколку во Буџетот на установата се обезбедени средства за таа намена. Доколку во Буџетот не се обезбедени средствата, наградениот давател на јавна услуга ќе биде награден со слободни денови или друг вид нематеријална награда.

(3) На давателите на јавни услуги кои се оценети со оценка „ 2 “ , ќе им биде намалена основната плата во износ од најмногу 10% во период од три месеци.

(4) На давателите на јавни услуги кои се оценети со оценка „ 1 “ , ќе им биде намалена основната плата во износ од најмногу 20% во период од три месеци.

(5) Давател на јавна услуга кој ќе биде казнет со парична казна согласно ставот (4) на овој член, во годината во која бил оценет со оценка „ 1 “, не може да биде дополнително казнет во дициплинска постапка заради слаби резултати во работењето .

(6) На давател на јавна услуга кој три години последователно, односно три години во текот на пет години на оценување, ќе биде оценет со оценка „ 1 “, му престанува работниот однос, во постапка утврдена со закон .

(7) Давател на јавна услуга кој три години последователно ќе биде оценет со оценка „ 2 “, ќе се распореди на работно место на пониско ниво за кое ги исполнува условите утврдени во актот за систематизацијата на НУ Конзерваторски центар - Скопје.

(8) За наградата, односно за намалувањето на платата на давателите на јавна услуга, односно за распоредувањето на работно место на пониско ниво, одлучува Управниот одбор НУ Конзерваторски центар - Скопје, врз основа на извештајот од членот 11 на овој Правилник.

**Право на жалба**
**Член 13**

Давателот на јавна услуга, кој не е задоволен од оценката, може во рок од осум дена од денот на приемот на копијата од образецот од членот 9 став (3) од овој правилник и од образецот за годишното кариерно интервју од членот 9 став (5) од овој правилник, да поднесе жалба до Управниот одбор на НУ Конзерваторски центар - Скопје.

**Завршна одредба**
**Член 14**

Овој правилник може да се измени во постапка иста како и за неговото донесување.

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето на огласната табла и веб страната на НУ Конзерваторски центар - Скопје.

**Управен одбор**
**на Националната установа**
**Конзерваторски центар - Скопје**
**Претседател,**
**М-р Марина Димитровска**